# ОГЛАС ЗА ПЛАТЕНА ОБУКА ВО Асеко СЕЕ

## Програма за обука на млади софтверски инжинери

# Young Software Engineers Program

asseco

asseco.com/see

Со цел да се поттикне и продлабочи соработката помеѓу Асеко СЕЕ и образовните институции, АСЕКО СЕЕ ДООЕЛ од Скопје организира програма за обука на млади софтверски инжинери – Young Software Engineers Program, за студентите од факултетите од областа на информатичките науки и технологии.

Практикантската програма ќе се состои од два дела, при што првиот дел е вовед во банкарски софтвер преку презентации и пренесување на стручно знаење, додека вториот дел ќе биде директно учество на студентите во работилници за изработка на банкарски софтвер преку инструкции од страна на стручни лица од Асеко СЕЕ.

**Обуката ке трае еден месец** , во периодот **од 05.03.2017 до 31.03.2017**. Секој студент ќе биде платен за учеството, во висина од една просечна македонска плата за целото трење на обука.

### Услови за учество во програмата:

- Да е редовен студент на некој од факултетите за информатички науки
- Да е во последните две години од академските студии

### Потребни документи:

- Биографија ( CV)
- Кратко мотивационо писмо

Обврска на студентите, како услов за да остварат финансиски надоместок, е да посетуваат најмалку 80% од предвидената програма на обуката. За најуспешните студенти, постои можност за вработување во Асеко СЕЕ.

Сите заинтересирани суденти може да аплицираат најдоцна **24.02.2017.** на следната адреса **konkurs@asseco-see.mk** со назнака **(Subject): „ Апликација за програмата за млади софтверски инжинери“** или да се јават на телефон: 02 3248 000 лок. 2372, лице за контакт Наташа Костојчиноска Дамјанска
Поради ограничениот број на места, Асеко СЕЕ ќе направи селекција на пријавените кандидати.



АСЕКО СЕЕ ДООЕЛ Скопје
Ул. Народен фронт бр.17
Скопје